1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
Skopje
Feh 51

# СЛУЖ...
НА СОЦИЈАЛИСТИЧК... ...ИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 14 јули 1978
БЕЛГРАД
БРОЈ 38 ГОД. XXXIV

Цена на овој број е 16 динари. — Претплатата за 1978 година изнесува 550 динари — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155: Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651 671; Телекс 11756

**561.**

Врз основа на член 180 став 2 во врска со член 58 и 414 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78) и член 20 став 3 точка 1 од Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот, на средствата за лични доходи и на другите примања на работниците во органите на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/73, 56/73 и 31/77), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ИЗДАТОЦИТЕ ЗА ПАТНИ И ДРУГИ ТРОШОЦИ ШТО НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА ИМ СЕ ПРИЗНАВААТ ВО МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Член 1

Во Уредбата за издатоците за патни и други трошоци што на сојузните органи на управата им се признаваат во материјални трошоци („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/65. 57/65, 38/67, 7/70, 44/70, 70/72, 42/73, 34/75, 11/76 и 35/76) член 1 се менува и гласи:

„Издатоците за надомести на трошоците за службени патувања, селидбени трошоци, трошоци за работа на терен и трошоци поради одвоен живот од семејството, им се признаваат во материјални трошоци на сојузните органи на управата, на сојузните организации и на стручните служби на органите на федерацијата (во натамошниот текст: органите) во износите што се определени со самоуправните општи акти на органите но најмногу до износите и под условите што се определени со оваа уредба."

Член 2

Член 4 се менува и гласи:

„Издатоците за дневници за службени патувања му се признаваат во материјални трошоци на органот најмногу до износот од 340 динари по работник што се упатува на службено патување.

Вкупниот износ на дневницата со трошоците за ноќевање може да изнесува до 420 динари.

Височината на дневницата се определува со самоуправниот општ акт на органот според значењето на работата што ќе се изврши на службениот пат и другите услови на извршувањето на работата."

Член 3

Во член 5 став 3 се брише.

Член 4

По член 5 се додава нов член 5а, кој гласи:

„Издатоците за надомести за зголемени материјални трошоци што работникот ги има за време на работата и престојот на терен надвор од своето постојано живеалиште (теренски додаток) му се признаваат на органот во материјални трошоци, со тоа што дневниот износ на тој надомест да не може да премине 6% од износот на просечниот личен доход во стопанството на СФРЈ остварен во претходното полугодиште.

Работникот што прима надомест за работата на терен нема право на дневници."

Член 5

Во член 6 став 3 зборовите: „до 0,65% динари" се заменуваат со зборовите: „до 1 динар".

Член 6

Во член 6а став 2 се менува и гласи:

„Ако при излегувањата од став 1 на овој член се користат моторни возила на работниците, издатоците му се признаваат во материјални трошоци на органот до износот од 30% од најголемата цена за бензин за секој поминат километар."

Член 7

„Издатоците за превоз на работниците на работа и од работа му се признаваат во материјални трошоци на органот над износот од 30 динари месечно."

Член 8

Член 9 се менува и гласи:

„Издатоците за надомест на трошоците поради одвоен живот од семејството му се признаваат во материјални трошоци на органот во износот што не може да биде поголем од 90% од едномесечниот нето личен доход на работниците вработени во стопанството на СФРЈ остварен во претходното полугодиште.

Со самоуправните општи акти на органите поблиску се уредува под кои услови работникот го остварува правото на надомест поради одвоен живот од семејството.

Работникот што го остварува надоместот поради одвоен живот од семејството нема право на теренски додаток."

Член 9

Член 10 се брише.

Член 10

Член 12 се менува и гласи:

„Издатоците за селидбени трошоци што му се признаваат во материјални трошоци на органот опфаќаат надомест на фактичните трошоци за пакување и превоз на покуќнината, како и трошоците за превоз, исхрана и сместување на работникот и на членовите на неговото семејство при селидбата со средства на јавниот сообраќај.

Под членови на семејството, во смисла на оваа уредба, се подразбираат лицата за кои работникот како осигуреник има право на здравствено осигурување според важечките прописи."

Член 11

Член 13 се менува и гласи:

„Надомест на трошоците за пакување и превоз на покуќнина се исплатува според сметката на превозникот во височина на фактичните трошоци, а врз товар на средствата на органот во кој е вработен работникот.

На име трошоци за превоз, сместување и исхрана на работникот и на членовите на неговото семејство и другите трошоци направени при селидбата на работникот му припаѓа надомест во паушален износ што одговара на износот на неговата месечна аконтација на личниот доход."

Член 12

Чл 14 и 15 се бришат.

Член 13

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 549
29 јуни 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

---

**562.**

Врз основа на член 72 став 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕВИЗИТЕ УТВРДЕНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1978 ГОДИНА

1. Во Одлуката за распоредување на девизите утврдени за потребите на федерацијата за 1978 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/77 и 33/78) во Распоред на девизите за 1978 година, што е составен дел на таа одлука под редниот број 17 Сојузен секретаријат за народна одбрана зборовите: „Стоковни плаќања 7.445,327.000" се заменуваат со зборовите: „Стоковни плаќања 7.381,277.000", а бројот: „7.524,433.000" се заменува со бројот: „7.460,383.000".

2. Под редниот број 76 Службата на општественото книговодство на Југославија зборовите: „Стоковни плаќања 60,170.000" се заменуваат со зборовите: „Стоковни плаќања 124,220.000", а бројот: 66,598.000" — се заменува со бројот: „130,648.000".

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 553
15 јуни 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Бранислав Иконић**, с. р.

**563.**

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за посебната такса на увезени стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/70) и член 1 став 2 од Законот за посебната давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезени стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/68), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОСЕБНАТА ТАКСА НА УВЕЗЕНИ СТОКИ И НА ДАВАЧКАТА ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ НА ДАНОЧНОТО ОПТОВАРУВАЊЕ НА УВЕЗЕНИ СТОКИ НА УВОЗОТ НА ДВА АВИОНА СО ШИРОК ТРУП СО ОПРЕМА И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

1. На увозот на два авиона со широк труп од тар. број 88.02/5а од Царинската тарифа, со опрема и резервни делови што го врши организацијата на здружен труд Југословенски аеротранспорт од Белград ќе се изврши наплата на посебната такса пропишана со Одлуката за определување на стоките на кои при увозот се плаќа посебна такса („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/77, 47/77, 62/77, 14/78 и 21/78) во височина од 5% и посебната давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки пропишана со Одлуката за определување на стоките за кои се плаќа посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезени стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/75, 57/76, 47/77 и 11/78) во височина од 3%.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 551
6 јули 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

---

**564.**

Врз основа на член 357 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во спогодба со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕЃУРЕПУБЛИЧКИТЕ КОМИТЕТИ

1. Во Одлуката за меѓурепубличките комитети („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/74) во точка 5 во одредбата под 1 зборовите: „кредитирањето на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини;" се бришат, а на крајот на текстот на таа одредба се додаваат запирка и зборовите: „како и монетарниот систем и емисијата на пари".

Одредбата под 2 се менува и гласи:

„2) меѓурепубличкиот комитет за општествено планирање и развој — во чиј делокруг спаѓаат прашањата што се однесуваат на општествениот план на Југославија, договорите за основите на општествениот план на Југославија и извршувањето на тој план, како и на кредитирањето на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини;".

Во одредбата под 3 по зборовите: „надворешнотрговскиот промет" се додаваат запирка и зборот: „кредитните".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр 554
6 јули 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

**565.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА АЕРОДРОМСКА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ НА АЕРОДРОМИТЕ ЗА МЕЃУНАРОДЕН СООБРАЌАЈ

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови од Царинската тарифа — специфична аеродромска опрема што се користи на аеродромите за меѓународен сообраќај, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа, односно Решението за одредување на пониски царински стапки на увозот на одредени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/73, 45/73 и 61/75) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 40%:

| Тарифен број | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 73.21/1ѓ | Други конструкции, споени или не, и делови<br>Ex.<br>— Подвижно-свртни докови со повеќе работни платформи за одржување, поправка и монтажа на авиони<br>— Телескопски авиомостови, подвижни или неподвижни по аеродромската платформа, со максимална должина над 13 m и тежина над 9 t |
| 84.11/2 | Компресори<br>Ex.<br>Влечени компресори со капацитет над 50 kg воздух во минута, со сила на погонскиот мотор над 240 PS за прехранување со воздух авионски мотори |
| 84.12/3 | Уреди за климатизација, автоматски над 300 m³<br>Ex.<br>Уреди за климатизација, автоматски над 300 m³, со разладен капацитет околу 1,800.000 kcal/h за пристанишна зграда, вклучувајќи ги и припаѓачките апарати за контрола и регулација |
| 84.20/1 | Ваги и апарати за мерење и контрола во производството<br>Ex<br>— Ваги за мерење багаж во вградена транспортна лента<br>— Електронски ваги за мерење авиопалети и авиоконтејнери, со осетливост до 1 kg со кумулативно собирање на тежина за лет |
| 84.22/5д | Други машини и апарати за дигање, манипулација и др.<br>Ex.<br>Ламелести транспортери со кружна патека |
| 84.53/2 | Машини за обработка (табелирки, сметачи и сл.)<br>Ex.<br>— Автоматски дигитални информациони системи за обработка и прикажување податоци за полетување и слетување на воздухоплови<br>— Системи за автоматска обработка на податоци за оптоварување на авиони |
| 84.53/3 | Други машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици<br>Ex.<br>— Влезно-излезни единици со екран и тастатура<br>— Единици за напојување со електрична енергија<br>— Приемни печатачи<br>— Управувачки единици<br>— Линиски адаптери |
| 85.01/1а-2гг | Други генератори и мотори над 1000 kg за парче<br>Ex.<br>— Влечни агрегати со сила над 85 kW за производство на електрична енергија со напон 28 до 220 V, за стартирање на авионски мотори<br>— Дизел-електрични стабилни агрегати, со сила над 170 kW |
| 85.13/11 | Други електрични апарати за жична телефонија и телеграфија<br>Ex.<br>— Интерфонски комуникациони системи со 64 интерфони со 4 истовремени врски<br>— Интерфонски комуникациони системи со можност за приклучување до 1600 интерфони за 128 истовремени врски<br>— Далекопишувачки испраќачи — приемници на пораки пишувани со рака<br>— Специјални апарати за жични системи со носечки струи — модеми (модулатори — демодулатори) |
| 85.15/3д | Авионски радари и радиостаници за врска со авиони<br>Ex.<br>Четириканални и двоканални рачни радиостаници за службата за прифаќање и испраќање на авиони, со сила 1 до 10 W 400 MHz |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 85.16/2г | Електрични-електронски апарати за контрола на сигурноста и за командување во воздушниот сообраќај<br>Ex.<br>Оптички систем за паркирање авиони на точно обележена позиција кај авиомостови |
| 85.17/2 | Електрични апарати за визуелна сигнализација<br>Ex.<br>Системи за светлосна сигнализација на полетно-слетни и маневарски површини |
| 85.19/5 | Разводни уреди со вградени апарати (командни, разводни и сигнални табли, пултови и сл.)<br>Ex.<br>Контролно-разводни табли, пултови и ормани, за системот за транспорт на багаж |
| 85.22/2 | Други електрични стоки и апарати<br>Ex.<br>Детектори за откривање метални предмети кај патници |
| 87.01/1а | Трактори над 300 KS<br>Ex.<br>Трактори влекачи на авиони со сопствена тежина над 40 t, погонска сила над 310 KS, со погон на сите четири тркала и со режим на управување со бочно движење, со внатрешен радиус на вртење 1,80 m, со височина при спуштена кабина 1,57 m, за влечење авиони со тежина од 50 до 350 t |
| 87.01/1б | Други трактори — колчари<br>Ex.<br>Трактори влекачи на авиони, со тежина од 12000 до 17000 Kp, со погонска сила од 156 до 210 KS, со погон на сите четири тркала, со режим на управување со бочно движење, со внатрешен радиус на вртење 2 m со височина на тракторот со кабина до 2 m, за влечење авиони со тежина од 50 до 350 t |
| 87.03/2 | Моторни возила за чистење снег<br>Ex.<br>Специјални возила за чистење снег од полетно-слетни и маневарски површини на аеродроми |
| 87.03/5 | Противпожарни коли<br>Ex.<br>Специјални противпожарни коли за исфрлување на пена и прав |
| 87.03/11 | Други моторни возила за специјални цели<br>Ex.<br>— Специјални возила со вградена хидраулична платформа со променлив агол приспособен на формата на трупот и отворот на авиони за натовар и истовар на товар<br>— Самоодни дизел-електрични агрегати камионски тип за стартирање на авионски мотори, со напон од 28 до 220 V<br>— Самоодни компресори за воздух камионски тип, за стартирање на авионски мотори<br>— Специјални возила со подвижна хидраулична платформа за работа на авиони и со вградени уреди за одмрзнување авиони<br>— Специјални возила камионски тип за натовар и истовар на багаж и стоки во авион и од авион<br>— Самоодни скали за влегување на патници во авион и излегување од авион, од камионски тип<br>— Специјални возила камионски тип со вградена хидраулична платформа за натовар на храна во авион |
| 90.28 | Електрични и електронски инструменти и апарати за мерење, проверување, анализа и автоматска контрола<br>Ex.<br>— Електронски контролни ормани<br>— Електронски контролни пултови<br>— Портабл електронски уред за тестирање линии и модели |

2. Ова решение ќе се применува на увозот што се врши од 1 јануари 1977 година до 30 јуни 1978 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 550
6 јули 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ, с. р.**

**566.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МЛЕКО

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи за производство на млеко, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа односно Решението за определување на пониски царински стапки на увоз на определени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/73, 45/73 и 61/75) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 40%:

| Тарифен број | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/5 | Клипни пумпи<br>Ex.<br>Клипни пумпи од нерѓосувачки челик за дозирање млечна култура во производството на јогурт, кисела павлака и др. |

| 1 | 2 |
|---|---|
| 84.18/2а-1 | Други индустриски центрифуги за течност<br>Ex.<br>Машини за сепарација и типизација и издвојување маснотија од млеко |
| 84.18/2а-2 | Други лабораториски центрифуги за течност<br>Ex.<br>Лабораториски центрифуги за определување маснотија на млеко |
| 84.18/2б | Машини и уреди за филтрирање или пречистување на течности и гасови<br>Ex.<br>Уреди за филтрирање и супер-филтрирање за стандардизација на млеко |
| 84.19/2 | Машини за пакување и завиткување на стоки<br>Ex.<br>Машини за пакување и завиткување со термособирачка фолија на единични пакувања во групно пакување заради транспорт |
| 84.19/4 | Машини за затворање и етикетирање<br>Ex.<br>Машини за затворање и етикетирање амбалажа за млечни производи |
| 84.19/6 | Машини за пакување и затворање течности во пластични обвивки<br>Ex.<br>Машини за пакување и затворање млеко и млечни производи од пластични обвивки |
| 84.19/8 | Машини за дозирање и пакување<br>Ex.<br>Машини за дозирање и пакување на млеко, млечни производи и сладолед |
| 84.19/9 | Други машини и апарати за чистење, полнење и перење<br>Ex.<br>— Специјални автоматски апарати за полнење и перење цистерни за транспорт на млеко<br>— Подвижен апарат со полжав за полнење машини за пакување путер |
| 84.26/1 | Машини за молзење<br>Ex.<br>Автоматски машини за молзење |
| 84.26/3 | Машини за изработка на сирење, путер и слични производи<br>Ex.<br>Калапи за калапирање на сирење |
| 84.26/4 | Машини за преработка на млеко и други машини за млекарство<br>Ex.<br>Уреди за хомогенизација на млеко<br>Ex. |
| 84.45/1в-6 | Други машини за обработка со деформација<br>Ex.<br>Машини за отсечување и обликување на алуминиумски капаци за затворање на пластична амбалажа што служи за пакување на млечни производи |
| 84.59/2к | Други машини и механички справи<br>Ex.<br>Конусни спремници на инстантизери со мешалка |

2. Ова решение ќе се применува врз увозот што се врши од 1 јануари до 30 јуни 1978 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 552
6 јули 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

## 567.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „DIE WELTWOCHE"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Die Weltwoche" број 22 од 31 мај 1978 година, што излегува на германски јазик во Цирих, Швајцарија.

Бр. 650-1-30/27
28 јуни 1978 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

## 568.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „DIE WELT"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Die Welt" број 137 од 15 јуни 1978 година, што излегува на германски јазик во Берлин, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/713
28 јуни 1978 година
Белград

Заменик-сојузен секретар за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

**569.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „SÜDDEUTSCHE ZEITUNG"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Süddeutsche Zeitung" број 139 од 21 јуни 1978 година, што излегува на германски јазик во Минхен, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/714
28 јуни 1978 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

**570.**

Врз основа на член 30 ст. 1. 4 и 5 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), во согласност со претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, со претседателот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита и со сојузниот секретар за внатрешни работи, директорот на Југословенскиот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ ЗА КАБЛИ И ВОДОВИ ВО РУДНИЦИТЕ СО ПОДЗЕМНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

#### I. Основни одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видовите на каблите и водовите, основниот состав, нивните мери, димензионирањето, начинот на полагање, спојување, приклучувањето и дозволеното подрачје за нивна употреба во рудниците со подземна експлоатација незагрозени или загрозени од експлозивни јамски гасови или од опасен јагленов прав.

Член 2

Одредбите од овој правилник се однесуваат и на електричните уреди и инсталации што се наоѓаат на површината или во кругот на рудниците а што сочинуваат галванска целост со каблите и водовите од член 1 на овој правилник.

#### II. Дозволени кабли и водови

Член 3

Гол и неизолиран вод смее да се употребува само:

1) како возна жица;

2) како заштитен вод во електрични и затворени електрични погонски простории, во склопни и разводни постројки со напон од 1.500 V и повеќе, под услов да е обвиен со метална обвивка.

Метална обвивка на кабелот не смее да се употребува како заштитен вод, ако не е обвиен со спротивен завој и ако не се сите елементи сигурно и цврсто галвански врзани. Ако тој услов не е исполнет, заштитниот вод мора да лежи во заедничка кабелска обвивка. Во тој случај неговиот пресек мора да биде најмалку еднаков со пресекот на работните жили, ако пресекот на бакарниот заштитен спроводник во кабелот е до 10 mm$^2$ односно алуминиумски — до 16 mm$^2$. Кај слободно висечки кабли со носечко јаже, може и носечко јаже да се користи како заштитен вод, ако лежи во заедничка обвивка со другите водови и ако неговата спроводливост ѝ одговара на спроводливоста на заштитниот вод, утврдена со овој правилник;

3) како собирачка и надворешен вод во склопни и разводни постројки.

Член 4

Каблите и изолираните водови со бакарни спроводници смеат да се употребуваат само ако ги исполнуваат условите од соодветните југословенски стандарди. Секоја испорачана должина на кабел мора да биде снабдена со потврда за усогласеноста со југословенските стандарди.

Член 5

Ако заштитниот спроводник во кабел е изолиран, тој мора да биде бојосан со црвена боја или мора да биде означен двобојно, со жолтозелена боја.

Кај конструкциите каде што заштитниот спроводник во полуспроводната гума е во црна боја, тој спроводник мора да биде означен по целата должина со бела печатена лента. Низ овој спроводник не смее да протечува погонска струја.

Под погонска струја не се смета струјата на контролниот, мерниот и управувачкиот струен круг.

Член 6

Ако еден спроводник на кабелот се користи како вод за заземјување, мора да има изолација во црна или жолтозелена боја.

Член 7

За постојано или повремено положени кабли мораат да се користат армирани кабли во согласност со одредбите на овој правилник. За преносните и привремено положените кабли мораат да се употребуваат еластични кабли во согласност со одредбите на чл. 33 до 41 од овој правилник. Во поглед на подрачјето на применувањето тие кабли мораат да се користат во согласност со одредбата на член 54 од овој правилник.

Член 8

Надворешниот заштитен слој на кабелот (гумен или пластичен) мора по целата своја должина да има боја што трајно останува, и тоа:

1) црвена — ако се во прашање кабли со напон од 1.500 V и повеќе;

2) жолта — ако се во прашање кабли со напон под 1.500 V;

3) светлосива или црна — ако се во прашање сигнални или дојавни кабли;

4) светлосива — ако се во прашање само сигурни инсталации.

Црвено бојосаните кабли и водови смеат, по исклучок да се употребуваат за напон под 1.500 V ако

на уводното и приклучното место на кабелот, односно водот е означено деко смее да се употребува за тој напон.

Жолто бојосаните кабли можат да се користат и во командно-сигнални цели ако на уводното и приклучното место на кабелот е означено дека се наменети за таа цел.

За каблите и водовите што не им припаѓаат на сигурносните струјни електрични погонски простории на возила, како и на машини за добивање супстанција, не мораат да се применат боите за означување на кабелот наведени во став 1 од овој член.

### Член 9

Во рудниците на јаглен и погоните загрозени од пожар смеат да се употребуваат само кабли чија надворешна заштитна обвивка:

1) на еластичните кабли — е од незапалива маса;

2) на другите кабли со обвивка — е од пластична огноотпорна маса што не поддржува пламен.

### Член 10

Надворешниот заштитен слој на кабелот мора да биде механички отпорен. На еластичните кабли надворешниот заштитен слој мора да биде хомоген и отпорен спрема зарежување, кинење и абење.

### Член 11

Металниот оплет и обвивката на кабелот мораат да бидат изведени така што сите елементи на обвивката да бидат меѓусебно кратко споени во цел пресек, и тоа најмалку на секој дел чија големина изнесува 10 пречници на кабелот. Таквиот метален оплет смее да се засметува во пресекот на заштитниот вод според одредбите на Правилникот за прописите за електричните постројки во рудниците со подземна експлоатација („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 9/64 и 16/67). Ако се употребува концентричен заштитен спроводник како обвивка или оплет, растојанието помеѓу соседните елементи на заштитниот спроводник не смее да биде поголемо од 4 mm или мора да биде изведен врз подлога од полуспроводен материјал.

### Член 12

Каблите и водовите за полагање во окна и ходници со наклон над 50° мораат да бидат изработени така што кога се слободно обесени да имаат најмалку петкратна сигурност во однос на оптоварувањето со сопствената маса. Ако кабелот најмалку на секои 6 m растојание е растоварен, односно прицврстен, тој мора да има тројна сигурност на самоносивост во однос на оптоварувањето на масата на слободно висечкиот кабел.

## III. Димензионирање на кабли и водови

### Член 13

Пресекот на кабелот се определува врз основа на јачината на струјно трајно оптоварување што за определен пресек не смее да биде поголема од вредноста наведена во Табелата бр. 1, што е составен дел од овој правилник, ако температурата на средината изнесува 25°C. Во просториите во кои температурата на средината е поголема од 25°C, дозволената јачина на струјата на трајното оптоварување се менува според Табелата бр. 2, што е составен дел на овој правилник.

Табела бр. 1

| Попречен пресек на спроводникот mm² | Кабли | | | Попречен пресек на спроводникот mm² | Кабли од типот | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | GN 0,6/1 kV (A) | EpN 0,6/1 kV (A) | EpN 3,6/6 kV (A) | | FP 0,6/1 kV (A) | PHP 3,6/6 kV (A) | XP; EpP 0,6/1 kV (A) | XHP; EpHP 3,6/6 kV (A) |
| 1,5 | 21 | 28 | — | 1,5 | 18 | — | — | — |
| 2,5 | 28 | 39 | — | 2,5 | 25 | — | — | — |
| 4 | 38 | 52 | — | 4 | 34 | — | — | — |
| 6 | 51 | 66 | — | 6 | 44 | — | — | — |
| 10 | 66 | 91 | 88 | 10 | 60 | — | — | — |
| 16 | 88 | 120 | 121 | 16 | 80 | 86 | 105 | 120 |
| 25 | 125 | 165 | 154 | 25 | 105 | 110 | 134 | 154 |
| 35 | 145 | 200 | 187 | 35 | 130 | 135 | 160 | 186 |
| 50 | 182 | 251 | 233 | 50 | 160 | 165 | 198 | 223 |
| 70 | 228 | 308 | 282 | 70 | 200 | 205 | 247 | 280 |
| 95 | 273 | 369 | 340 | 95 | 245 | 250 | 306 | 345 |
| 120 | 317 | 433 | 392 | 120 | 285 | 265 | 369 | 398 |
| 150 | 378 | 496 | 445 | 150 | 325 | 325 | 420 | 453 |
| 185 | 411 | 565 | 510 | 240 | 430 | 430 | 550 | 620 |

Табела бр. 2

| Температура на просторијата | Дозволено оптоварување во % од вредностите наведени во табелата | |
|---|---|---|
| до °C | до 1 kV | до 6 kV |
| 20 | 106 | 106 |
| 25 | 100 | 100 |
| 30 | 92 | 93 |
| 35 | 85 | 87 |
| 40 | 75 | 79 |
| 45 | 65 | 71 |
| 50 | 53 | 61 |

### Член 14

За инсталациите на површината на рудниците димензионирање на кабелот се врши во согласност со соодветните технички нормативи и југословенските стандарди.

### Член 15

Определениот пресек на кабелот според одредбите на член 13 од овој правилник мора да ѝ одговара на определената заштита од преоптоварување и од краток спој. Максималната дозволена називна вредност на топлив осигурувач „А" како заштита од преоптоварување на каблите е дадена во Табелата бр. 3, што се составен дел од овој правилник:

Табела бр. 3

| Пресек на бакарниот спроводник | 1,5 | 2,5 | 4 | 6 | 10 | 16 | 25 | 35 | 50 | 70 | 95 | 120 | 150 | 350 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Повеќежилни еластични кабли | 20 | 25 | 35 | 50 | 60 | 80 | 100 | 125 | 160 | 200 | 260 | 300 | 350 | 350 |
| Повеќежилни армирани кабли за постојано полагање | 20 | 25 | 35 | 50 | 60 | 80 | 100 | 125 | 160 | 200 | 225 | 260 | 300 | 350 |

Член 16

Изборот на заштитата од краток спој е даден во Табелата бр. 4, што е составен дел од овој правилник.

Табела бр. 4

Најмал фактор на називната струја на заштита

| Број | Вид на заштитата | Називни струи на топливи осигурувачи | | |
|---|---|---|---|---|
| | | до 100 А | од 100 до 200 А | над 200 А |
| 1 | Брзи влошки | 3 | 3,5 | 4 |
| 2 | Бавни влошки | 5 | 5 | 6 |
| 3 | Натструјни чкрапци | — | — | 1,3 |

Член 17

Максимално дозволената номинална струја на топливи осигурувачи, зависно од струјата на двополниот краток спој, дадена е во Табелата бр. 5, што е составен дел на овој правилник:

Табела бр. 5

| Брзи топливи влошки | | Бавни топливи влошки | |
|---|---|---|---|
| Најмали струи на двополниот краток спој во А | Максимални називни вредности на влошката во А | Најмали струи на двополниот краток спој во А | Максимални називни вредности на влошката во А |
| 7 | 2 | 10 | 2 |
| 13 | 4 | 19 | 4 |
| 20 | 6 | 29 | 6 |
| 34 | 10 | 55 | 10 |
| 53 | 15 | 83 | 15 |
| 75 | 20 | 116 | 20 |
| 103 | 25 | 163 | 23 |
| 154 | 35 | 217 | 35 |
| 245 | 50 | 385 | 50 |
| 282 | 60 | 445 | 60 |
| 396 | 80 | 584 | 80 |
| 520 | 100 | 770 | 100 |
| 662 | 125 | 1035 | 125 |
| 880 | 160 | 1310 | 160 |
| 1160 | 200 | 1860 | 200 |
| 1330 | 225 | 2090 | 225 |
| 1590 | 260 | 2420 | 260 |
| 1920 | 300 | 2850 | 300 |
| 2240 | 350 | 3470 | 350 |
| 2880 | 430 | 4510 | 530 |
| 3550 | 500 | 5250 | 560 |
| 4260 | 600 | 6540 | 600 |

Член 18

Каблите и водовите мораат да се штитат со струјни осигурувачи од недозволено загревање поради преоптоварување.

Член 19

Струјните осигурувачи, за заштита од преоптоварување, можат да се поставуваат на најпогодно место во кабелот, на почетокот или на крајот на заштитениот кабел или вод.

Член 20

За струјните осигурувачи од преоптоварување, мораат да се земаат биметални чкрапци или релеи, со автоматски заштитни прекинувачи.

Член 21

Ако за заштита од преоптоварување се употребени топливи осигурувачи, нивната називна струја мора да им одговара на вредностите од Табелата бр. 3. За алуминиумските спроводници номиналната вредност на осигурувачите мора да се намали максимално на 80% од вредностите дадени во Табелата бр. 3. За повеќежилните еластични кабли со бутил-изолација од типот BN номиналните вредности на осигурувачите мораат да се зголемат за најмалку 37% од вредностите дадени во Табелата бр. 3.

Член 22

Ако за заштита од преоптоварување е употребен заштитен прекинувач, релеите или чкрапците мораат да бидат пригодени најмногу на дозволеното трајно оптоварување според Табелата бр. 1 и според одредбата на член 13 од овој правилник, и тоа така што прекинувањето на осигурениот круг да настане пред да поминат 2 часа, при преоптоварување со струја што не е поголема од 10% од номинално дозволеното оптоварување на кабелот.

Во мрежите со називен напон од 1000 V и повеќе дозволената заштита од преоптоварување мора да дејствува при струја 1,25 пати поголема од дозволеното оптоварување на каблите во времето што не трае подолго од 20 секунди.

Член 23

Кабелот со работен напон од 1500 V и повеќе е заштитен од преоптоварување, ако збирот на оптоварувањата на одделните приклучни трошила на тој кабел лежи во границите на неговото дозволено оптоварување и ако одделни трошила се заштитени од преоптоварување според одредбите на овој правилник.

Член 24

Од дејството на струјата на краток спој каблите и водовите мораат да се заштитат со струјни осигу-

рувачи или со други заштитни направи, што мораат да бидат поставени на почетокот на водот во правецот на напојувањето.

Под струјни осигурувачи во смисла на став 1 од овој член се подразбираат натструјните чкрапци или релеи на заштитните прекинувачи, како и топливите осигурувачи.

Член 25

Пресекот на кабелот или водот со називен напон под 1500 се избира така што пресметаната струја на двополниот краток спој да не биде помала од називната струја на струјните осигурувачи помножена со факторот од Табелата бр. 4.

Член 26

Во рудниците на јаглен и во погоните загрозени од пожар топливите осигурувачи, ако се наменети како заштита од краток спој, мораат да бидат одбрани според Табелата бр. 5. При употребата на заштитните прекинувачи, минималната струја на двополниот краток спој мора да биде 1,5 пати поголема од номиналната вредност на заштитата, односно од вредноста на која се пригодени брзите натструјни прекинувачи, односно релеи.

Член 27

Во рудниците на јаглен и во погоните загрозени од пожар смеат да се употребуваат само топливи влошки на осигурувачи, што при струјата наведена во Табелата бр. 5 како најмала струја, од двополен краток спој го прекинуваат краткиот спој во време од 1 секунда.

Член 28

Во рудниците на јаглен и во погоните загрозени од пожар струјата на краткиот спој мора да биде прекината најдоцна по 1 секунда. Во случај на селективно прекинување на краткиот спој забавувањето смее да изнесува најдолго 1,5 секунди. За рударските работи при кои може да дојде до експлозија на јамски гасови важат дополнителните одредби на Правилникот за Прописите за електричните постројки во рудниците со подземна експлоатација.

Член 29

Краткиот спој во каблите провлечени низ главното окно кај називен напон од 1000 V и повеќе, мора да биде прекинат без забавање.

Член 30

Определениот пресек на кабелот според одредбата на член 13 на овој правилник мора да ѝ одговара на одбраната заштита од преоптоварување и од краткиот спој според табелите бр. 3, 4 и 5.

Мора да се изврши и контрола на загревањето на кабелот со максимална струја на трополен краток спој, при што максималното загревање на кабелот со краток спој не смее да биде поголемо од:

1) 160°C — за кабли со напон до 6 kV;
2) 140°C — за кабли со напон над 6 kV.

Член 31

Определениот пресек на кабелот според одредбата на член 13 од овој правилник мора да им одговара и на барањата на падот на напонот, што за ниедно трошило не смее да изнесува повеќе од 15% во најнеповолен случај. Како најнеповолен случај се смета пуштање на најоптоварен погон во работа, при нормално оптоварување на другите трошила приклучени на иста трафостаница, при што мораат да се земат предвид и падовите на напонот поради индуктивниот отвор ако изнесуваат повеќе од 10% од вредноста на падот на напонот поради работниот отпор на кабелот.

Член 32

Каблите и водовите, без оглед на димензионираниот пресек според одредбата на член 13 и спроведената контрола, односно корекција според одредбите на чл. 29 и 30 на овој правилник, мораат да ги имаат најмалку следните пресеци на бакарниот спроводник:

1) при низок напон до 1500 V:

| | |
|---|---|
| а) постојано положени кабли и водови во сите подземни простории | 1,5 $mm^2$ |
| б) привремено положени кабли и водови во сите подземни простории | 2,5 $mm^2$ |
| в) привремено или повремено положени водови за управување и заштита, со повеќе од 5 жили; привремено или повремено положени водови, што освен жили за управување и заштита, содржат и други жили; водови за рачни алати во рудници и во машински и електрични погонски простории што не се загрозени од експлозивни гасови | 1,5 $mm^2$ |

2) при висок напон над 1500 V:

| | |
|---|---|
| а) во затворени електрични погонски простории | 10 $mm^2$ |
| б) во другите подземни простории | 16 $mm^2$ |

Одредбите на точ. 1 и 2 став 1 од овој член не се однесуваат на сигналните и дојавните водови, како ниту на водовите на самосигурните струјни кругови.

Член 33

За еластичните кабли што повремено или привремено се намотани на тапани, мора да се намали дозволеното трајно струјно оптоварување дадено во Табелата бр. 1 според бројот на намотните слоеви, и тоа:

| | |
|---|---|
| 1 слој | на 60% |
| 2 слој | на 45% |
| 3 слој | на 35% |
| 4 слој | на 28% |
| повеќе од 4 слоја | на 25% |

## IV. Полагање на кабли и водови

Член 34

Каблите и водовите мораат да бидат положени така што да не смее да дојде до:

1) торзионо свиткување и јазол-осумка, при што одмотувањето и намотувањето се врши така што кабелот да се свиткува само околу оската на тапанот;

2) притиснување на кабелот што би му го деформирало пресекот. Кабелот мора да биде слободно положен или зацврстен само со соодветни кабелски стегалки;

3) оштетување од транспортно средство. Ако каблите и водовите преминуваат над транспортните средства, мораат да се преземат дополнителни заштитни мерки против паѓање на каблите и водовите (на пример, засолни).

Член 35

Каблите и водовите мораат да бидат положени така што по целата должина во секое време да се пристапни заради надзор. Од тоа може да се отстапи ако им е потребна посебна механичка заштита, и тоа во следните случаи:

1) ако се во прашање кабли и водови до 10 m должина;

2) ако се во прашање водови во погон за добивање корисна минерална супстанција на работилиште или при транспортот;

3) при минување на кабли и водови низ дупнатина во карпа и во други специфични случаи.

Член 36

Надвор од затворените електрични погонски простории не е дозволено трајно да се полага кабел на под. Каблите и водовите мораат да бидат закачени во растојанија, по правило од 2 до 3 m на посебни кукачки, а на толкава оддалеченост од уредите во погонот што да не дојде до оштетување на кабелот, односно водот во случај на испаѓање од кукачка. Во електричните погонски простории каблите можат да бидат положени и во соодветни кабелски канали. На опасни места каблите мораат да се осигураат од механички оштетувања од вагонети, ако се положени во транспортни ходници.

Одредбите на став 1 од овој член не се однесуваат на каблите заштитени од надворешни оштетувања со соодветни контролници, како и на каблите наменети за дупчалки.

Член 37

Постојано положените кабли мораат да се прицврстат на растојание од најмногу 6 m и тоа така што кај повеќе паралелни кабли растојание меѓу нив да е еднакво најмалку на пречникот на соседниот подебел кабел. Кабелот не смее да се прицврсти на елементи на опремата што се изложени на потреси или често се преместуваат.

Член 38

Каблите и водовите смеат да се обесат или прицврстат само на места каде што не можат да се оштетат ниту деформираат.

Член 39

Каблите што минуваат низ дупнатини во карпи, ѕидови и сл. не смеат да бидат ѕазидани, туку слободно положени. При воведувањето на кабелот во комори, проодните отвори мораат да бидат затнати со помош на глина, песок или друг незапалив материјал. При спроведувањето на каблите низ водна врата, кабелските спроводни парчиња мораат да бидат затнати со гума.

Член 40

Каблите и водовите положени во окна и ходници со наклон над 50° мораат да бидат најмногу на секои 6 m растоварени, односно прицврстени, освен ако е постапено според одредбата на член 12 од овој правилник и ако кабелот е врзан на јаже или на таков начин што положбата во окното да му е точно определена на секое место. Не се дозволува употреба на висечки неармирани кабли со гумена или пластична изолација.

Член 41

Еластичните кабли што служат за напојување на електрични уреди за продлабочување на окното, за одводнување и сл. мораат да се прицврстат на носечко челично јаже.

Член 42

Сигналните, командните и дојавните табли, како и каблите на сигурносните струјни кругови во постојаните инсталации мораат да бидат оддалечени најмалку 100 mm од другите енергетски кабли и водови.

Каблите и водовите со низок напон во постојаните инсталации мораат да бидат оддалечени најмалку 100 mm од каблите со висок напон. Во недостиг на место за сместување на каблите, наведените растојанија можат да се намалат но не помалку од 50 mm.

Високонапонските кабли се полагаат на спротивната страна на јамската просторија од другите кабли.

## V. Спојување и приклучување на кабли

Член 43

Во случај на спојување или приклучување на одделни спроводници на кабли, спојните места мораат меѓусебно трајно и сигурно да се прицврстат. За приклучување на спроводниците смее да се употребува само спој со кој се обезбедува да не дојде до пропуштање на штетни влијателни фактори. Сигурно и цврсто спојување може да се изведе со помош на вијци, концентрични спојки, клинови, со тврдо лемење, пресување, заварување или со меко лемење при механичко зајакнување.

Член 44

Ако се приклучуваат спроводници со пресек над 16 mm² треба да се користи соодветна кабелска папуча, под услов приклучниот елемент да не е предвиден за приклучок без кабелска папуча.

Член 45

Приклучното или спојното место на спроводникот на кабелот или водот мора да има иста спроводливост и изолација како кабелот или водот. Спроводникот на приклучното или спојното место не смее да биде оштетен ниту пресекот смее да му се намали.

Член 46

Приклучните или спојните места мораат да бидат изведени така што растојанието меѓу спроводниците, како и меѓу нив и другите делови без напон, да биде доволно и трајно осигурено.

Член 47

Заштитните спроводници во кабелот или водот мораат на приклучното место да бидат приклучени така во однос на другите спроводници што при евентуално присилно извлекување на кабелот, заштитниот спроводник да биде прекинат последен.

Одредбите на став 1 од овој член не се однесуваат на водовите на преносните погонски средства, што се заштитени со соодветни заштитни направи (контролници), како ниту на армираните кабли.

Член 48

Спојување на каблите може да се врши само со соодветен споен прибор, односно со соодветна постапка за односниот вид кабел. Кабелските спојки мораат да бидат прицврстени и не смеат да висат на кабелот. Кабелската спојка мора да обезбеди сигурен спој и заштита на спроводниците.

Член 49

